**МЕТОДСКИ ЕДИНИЦИ ПО ФИЛОЗОФИЈА ЗА 4-та ГОД. (а,б,в,г)**

**Сорен Киркегор ( 1813 – 1855 )**

- **Дански филозоф, воспоставувач на егзистенцијализмот. За новиот век карактеристично е <u>будење на самосвеста</u> како начин на себеразбивање и пронаоѓање пат за сопствениот и за општествениот развој на човештвото. Го претпочита личниот однос на човекот кон светот.**
- **Основен проблем за Киркегор е егзистенцијата, според него таа е еднократна и непофторлива, парадоксална и непредвидлива. Човекот е постојано распнат меѓу можноста да избира или-или, тој е во постојана грижа за својата егзистенција незнае што да направи, а од тоа произлегуваат вина, гнев и очај. Автентичната егзистенција разликува три стадиуми:**
  **Прв – естетски живот ( препуштање на сетилата, фантазијата, моменталните задоволства )**
  **Втор – етичкиот живот ( дејствување со етички обврски кон другиот)**
  **Третиот – религиозниот живот ( човекот се стопува со Бога )**

**Прашања за размислување :**

1. **Што е егзистенцијата ?**
2. **Каков егзистенционален избор имаме ?**
3. **Дали егзистираме или го живееме животот ?**

**Фридрих Ниче ( 1844 – 1900 )**

- **Го изразува критичкиот став на современата култура, филозофија и наука. Воедно дава духовна критика на современоста, нејзините духовни својства и вредности. Вели дека модерната Европска култура е во криза ( судир помеѓу реалните животни потреби и претставата за вистинската состојба ). Модерната Европска култура според Ниче е <u>нихилистичка</u> зошто вредностите немаат смисла бидејќи се во спротивност со реалниот човек.**
- **Превреднување на сите вредности – отфрлање на сите постојни вредности и создавање на услови за пофторно воспоставување на културата и животот. Ова претставува нови сфаќање за свето и животот.**
- **Барање на натчовек- слободна личност, тој е воин, смел, гениј, храбар, возвишен со силна волја, кој создава и урива.**

**Неподлегнува на никакви правила освен тие што самиот си ги поставил. Ги отфрла наметнатите вредности – тоа е всушност иморализмот на Ниче.**

**Прашања за размислување :**

1. **Кои вредности ги преферираме?**
2. **Дали во нашето општество имаме криза на духовните вредности?**
3. **Колку волјата за моќ влијае врз губењето на вредностите?**